

# Политика за приватност

13 декември 2021 година

## Содржина

*А. Цел* ___ 3

*Б. Опсег* ___ 3

*В. Дефиниции* ___ 3

*Г. Начела за заштита на личните податоци* ___ 4

*Д. Законска основа* ___ 4

*Ѓ. Одговорности на контролорите и обработувачите на Magna* ___ 4

*Е. Рок на чување на личните податоци* ___ 5

*Ж. Пренос и откривање на лични податоци* ___ 5

*З. Приватност според дизајн* ___ 5

*Ѕ. Права на субјектите на личните податоци* ___ 6

*И. Нарушување на безбедноста на на личните податоци* ___ 6

*Ј. Обука* ___ 7

*Програма „А“ – Земји од опсегот* ___ 8

## А. Цел

Magna е цврсто посветена на заштита на приватноста и личните податоци на сите нејзини заинтересирани страни во согласност со важечките закони. Во врска со таа посветеност, следнава политика ја објаснува рамката во согласност со која Magna ќе се усогласи со важечките закони за заштита на личните податоци на одредени земји.

## Б. Опсег

Оваа политика се однесува на:

i. сите субјекти и вработени во Magna International Inc. и сите нејзини работни групации, оддели, контролирани конзорциуми и други операции на глобално ниво (заедно „**Magna**“) што се резиденти во определени земји („**Земји од опсегот**“, како што е дефинирано подолу);

ii. кој било субјект на лични податоци (дефиниран подолу) што е резидент на Земја од опсегот, чиишто лични податоци се доставени до Magna;

iii. сите субјекти и вработени во Magna, без оглед на нивната локација, коишто ја вршат обработката на личните податоци на субјектите на лични податоци  што се резиденти на Земјите од опсегот и

iv. сите други вработени во Magna на работни места што се конкретно наведени во оваа Политика.

## В. Дефиниции

„**контролирање**“ на личните податоци што го извршува „**контролор**“, значи утврдување на целите и средствата за обработка на личните податоци;

„**Земји од опсегот**“ ги означува оние земји што се наведени во **Програмата „А“** во оваа политика (која повремено може да се ажурира), што ги вклучува земјите од Европската Унија, како и другите земји што имаат слично законодавство како Општата регулатива за заштита на податоците на Европската Унија;

„**лични податоци**“ се сите информации што се однесуваат на едно физичко лице што е идентификувано или може да се идентификува, коешто престојува во Земја од опсегот (**„субјект на лични податоци**“). Идентитот на едно лице може да се утврди ако лицето директно или индиректно се идентификува со укажување на

i. идентификациски податоци за субјектот на лични податоци, како на пример име, идентификациски број, податоци за локација или

ii. факторите што претставуваат израз на физичкиот, социјалниот или финансискиот идентитет што е карактеристичен за тој субјект на лични податоци..

„**нарушување на безбедноста на личните податоци**“ е секое нарушување на безбедноста на личните податоци што доведува до случајно или незаконско уништување, губење, менување, неовластено откривање или пристап до личните податоци;

„**обработувач**“ е физичко или правно лице што ги обработува личните податоци во име и за сметка на контролорот, а во согласност со упатствата добиени од контролорот.

„**обработка**“ значи каква било операција(и) што се врши со личните податоци, вклучувајќи собирање, евидентирање, организација, структурирање, складирање, присособување или промена, повлекување, консултирање, увид, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, усогласување или комбинирање, ограничување, бришење или уништување.

„**чувствителни лични податоци**“, во *Кина*, означуваат секакви лични податоци што, доколку се обелоденат или незаконски се користат, лесно може да го нарушат личното достоинство или да предизвикаат штета врз материјалната безбедност на субјектот на лични податоци, што вклучува

лични финансиски податоци (на пр. броеви на банкарски сметки и сл.) и податоци за идентификација (на пр. броеви на пасош или возачка дозвола и сл.), *додека во другите Земји од опсегот* „чувствителни лични податоци“ се однесува само на податоци што откриваат расно или етничко потекло, политички гледишта, културни, религиозни или филозофски убедувања, членство во синдикатот; податоци за здравјето или сексуалниот живот и сексуалната ориентација; генетски податоци или биометриски податоци.

## Г. Начела за заштита на личните податоци

Magna ќе ги следи начелата што се однесуваат на обработката на личните податоци, утврдени во важечките закони за заштита на личните податоци на Земјите од опсегот.Тоа се следните начела::

- Личните податоци што Magna директно или индиректно ги собира од субјектот на личните податоци ќе се обработуваат на начин што е законски, транспарентен и правичен;
- Magna ќе ги собира само неопходните лични податоци кои се потребни само за конкретно определени цели;
- Количината на личните податоци што ќе ги собере Magna ќе биде соодветна, релевантна и ограничена на она што е неопходно за остварување на целите;
- Magna ќе преземе разумни чекори за да се осигура дека собраните лични податоци се точни и ажурирани, а дека неажурираните податоци се бришат;
- Magna ќе ги чува личните податоци само онолку време колку што е неопходно за извршување на конкретната(ите) цел(и) за која(и) се собирале податоците и
- Magna ќеобработува лични податоци – а особено посебните категории на лични податоци – кои што подлежат на технички и организациски мерки што обезбедуваат соодветна безбедност за да се спречи нарушување на безбедноста на податоците.

## Д. Законска основа

Magna ќе ги обработува личните податоци доколку тоа го дозволуваат важечките закони за заштита на личните податоци  во Земјите од опсегот. Законски основи се:

- Заштита на суштинските интереси на субјектот на личните податоци или на друго физичко лице;
- Исполнување на законските обврски на Magna според важечките закони, регулативи или договори;
- Исполнување на договор или – на барање на субјектот на лични податоци – стапување во договор на субјектот на лични податоци со Magna;
- Исполнување на легитимните интереси на Magna, освен ако над таквиот интерес не преовладуваат основните права и слободи на субјектот на лични податоци и
- Согласност од субјектот на личните податоци, онаму каде што тоа го дозволува  законот.

## Ѓ. Одговорности на контролорите и обработувачите на Magna

Контролорите и обработувачите на Magna ќе имплементираат мерки за да осигурат и за да може да покажат дека обработката се спроведува во согласност со важечките закони за заштита на личните податоци  во Земјите од опсегот. Контролорите и обработувачите на Magna исто така ќе се погрижат да ги остварат правата на субјектите на лични податоци.

Magna ќе користи само обработувачи кои што обезбедуваат доволно гаранции дека имаат имплементирано соодветни технички и организациски мерки што ги исполнуваат барањата на важечките закони за заштита на личните податоци  во Земјите од опсегот. Сите обработувачи што ги користи Magna ќе обработуваат лични податоци само врз основа на документираните упатства

од контролорот на Magna и ќе бидат обврзани со писмен договор со кој од нив се бара да се усогласени со барањата на важечките закони за заштита на личните податоциво Земјите од опсегот.

Секој контролор и обработувач на Magna ќе води евиденција за активностите на обработка, која ги вклучува, но не ограничувајќи се на следните информации: име и податоци за контакт на контролорот или обработувачот, цел(и) на обработката, опис на категориите на субјектите на личните податоци и категориите на лични податоци, категориите на приматели на кои им се откриени личните податоци, информации за пренос на личните податоци во трети земји, општ опис на усвоените технички и организациски безбедносни мерки и важечкиот период на чување на личните податоци.

По собирањето на личните податоци од субјектот на личните податоци, контролорите на Magna се обврзуваат да им обезбедат одредени информации, вклучувајќи ја целта за која се наменети личните податоци, обемот на обработката и периодот на чување. Секогаш кога ќе се појави нова цел за собирање на личните податоци или ќе се промени првичната цел, субјектот на личните податоци ќе биде информиран и – онаму каде што тоа го бараат важечките закони за заштита на личните податоци во Земјите од опсегот – ќе се побара нивна согласност. Онаму каде што субјектите на личните податоци ги користат своите права (како што е опишано подолу), контролорите и обработувачите на Magna ќе одговорат во концизна, транспарентна, разбирлива и лесно достапна форма, користејќи јасен и едноставен јазик. Секој контролор и обработувач на Magna ќе имплементира соодветни мерки за заштита и обезбедување на личните податоци што ги обработуваат, врз основа на барањата наведени во политиките за безбедност на информации со кои управува Одделот за безбедност на информации, ризик и сообразност на Magna.

## Е. Рок на чување на личните податоци

Тимот за управување со информации на Magna ги идентификуваше периодите на чување на личните податоци, врз основа на законските и деловните барања, утврдени во Глобалната програма за задржување на записите на Magna („MGRRS“). MGRRS ја одредува должината на времето во кое Magna мора да ги чува информациите за компанијата, а обезбедува и одбранбена практика за време на парнични постапки и регулаторни дејства. Секој контролор и обработувач на Magna ќе одлучи дали да ги избрише, уништи или анонимизира личните податоци по истекот на периодот на чување.

## Ж. Пренос и откривање на лични податоци

Контролорите и обработувачите на Magna може да откријат одредени лични податоци на трети страни, како што се придружни компании, даватели на услуги, деловни партнери и државни органи, колку што е неопходно и каде што постои законска основа.

Контролорите и обработувачите на Magna може да ги пренесуваат личните податоци во друга земја само ако:

- земјата од опсегот утврдила дека земјата на дестинација има соодветно ниво на заштита на податоците;
- трансферот подлежи на договорни клаузули што ги одобруваат надлежните органи за заштита на личните податоци или
- онаму каде што на друг начин тоа го дозволуваат важечките закони за заштита на личните податоциво Земјите од опсегот.

## З. Приватност според дизајн

Пред собирање и обработка на личните податоци, а особено во случај на обработка на лични податоци со висок ризик (на пример, обработка на посебна категорија на лични податоци во голем обем), Magna ќе спроведе проценка на влијанието врз заштитата на личните податоци. Врз основа на резултатите од проценката, Magna ќе дизајнира и имплементира соодветни мерки за заштита со

цел минимизирање на идентификуваните ризици, вклучувајќи и стандардни системи за обработка на минималните потребни лични податоци.

## S. Права на субјектите на личните податоци

Секојсубјект на лични податоци има права според важечките закони за заштита на личните податоци во Земјите од опсегот, што може да го вклучуваат следново:

- добивање потврда од контролорите на Magna за тоа дали личните податоци за него/неа се обработуваат или не, како и примерок од тие податоци. Доколку да, субјектот на личните податоци може да побара пристап до своите податоци, вклучувајќи дополнителни информации, како што се целта на обработката, примателите и периодот во кој ќе се чуваат податоците (право на пристап);
- примање на сопствените лични податоци во структуриран, вообичаено користен и машински читлив формат и/или пренос на тие податоци на друг контролор (право на преносливост на податоците);
- повлекување на претходно дадената согласноста(право на повлекување на согласноста);
- право на ефективна судска заштита против контролор или обработувач, вклучувајќи и поднесување на барање до органот за заштита на личните податоци во земјата каде што е резидент и
- субјектот на личните податоци врз основа на конкретна ситуација поврзана со него има право да поднесе приговор во секое време, против обработката на неговите лични податоци, вклучувајќи и профилирање (право на приговор).

Освен тоа, субјектот на лични податоци може да побара:

- Magna да ги корегира неточните или нецелосните лични податоци што се однесуваат на субјектот на лични податоци (право на корекција и целосни информации) и да ја ограничи обработката на неточните и нецелосните лични податоци и незаконската обработка на податоците (право на ограничување на обработката) и
- во одредени случаи, да побара Magna да ги избрише личните податоци на субјектот (право на бришење) или да ги анонимизира.

Magna не врши дискриминација врз никој кој ги остварува своите права. Сепак, остварувањето на правата може да има одредени последици што субјектот на личните податоци треба однапред да ги земе предвид (на пример, ако субјектот на личните податоци ја повлече согласноста за обработка на личните податоци од неговата апликација поднесена за Тим на таленти на Magna, субјектот на личните податоци повеќе нема да може да го контактираат за соодветни работни позиции).

Magna исто така ќе ги информира сите контролори и обработувачи на кои им се откриваат таквите лични податоци за барањето на исправка, ограничување или бришење на субјектот на личните податоци.

## И. Нарушување на безбедноста на на личните податоци

Magna сериозно го сфаќа нарушувањето на безбедноста на личните податоци и веднаш ќе одговори на истото.

Во случај на нарушувањето на безбедноста на личните податоци што може да резултира со ризик за правата и слободите на субјектот на личните податоци, обработувачот на Magna ќе го извести контролорот на Magna веднаш штом ќе дознае за тоа. Слично на тоа, контролорот на Magna, во рокот пропишан во важечкиот закон за заштита на личните податоци во Земјата од опсегот, откако ќе дознае за прекршокот, ќе го извести соодветниот орган за заштита на личните податоци доколку е потребно. Контролорот, исто така, доколку за тоа се исполнети законските услови, ќе го извести за инцидентот и секој засегнат субјект на лични податоци, користејќи јасен и едноставен јазик. Контролорот на Magna ќе соработува со органот за заштита на податоците, со цел да се отстранат

ефектите од инцидентот и да се ублажат ризиците од идни нарушувања на безбедноста на личните податоци.

## J. Обука

Magna ќе се погрижи оние вработени кои имаат пристап до големи количини на лични податоци или до посебна категорија наличнни податоци да посетат обука за да можат да демонстрираат способност во нивното разбирање на заштитата на личните податоци.

Magna ќе се погрижи сите вработени да ја разберат нивната одговорност за заштита на личните податоци во согласност со оваа политика, сите поврзани постапки и важечкиот закон.

## Програма „А“ – Земји од опсегот

Сите земји што се членки на Европската Унија

Бразил

Кина

Јапонија

Северна Македонија

Србија

Јужна Кореја

Швајцарија

Тајланд

Турција

Обединетото Кралство

Originally Enacted: May 25, 2018

Current Version: December 13, 2021

Next Review: December 13, 2024

Issued By: Data Privacy

Approved By: Chief Compliance Officer on behalf of the Magna Compliance Council

Forward. For all.